Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија
Institucioni nacional Ansambli i këngëve dhe valleve popullore shqiptare në Republikën e Maqedonisë së Veriut

Бр. - Nr. 0401-386/10

12.12.2022 год./viti

Скопје - Shkup

- ANSAMBLI NACIONAL I KËNGËVE DHE VALLEVE POPULLORE SHQIPTARE NË R.M.V -
- НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА АЛБАНСКИ АНСАМБЛ ЗА НАРОДНИ ОРА И ПЕСНИ ВО Р.С.М -
- ALBANIAN NATIONAL ENSEMBLE OF THE TRADITIONAL DANCES AND SONGS IN THE R.N.M -

Националната установа „Ансамбл на албански народни ора и песни во Репубика Северна Македонија“ – Скопје,врз основа на член 21 од Законот за работните односи ( Сл. Весник на Република Македонија бр. 62/05........110/19), член 77-ж од Законот за културата ( „Службен Весник на Република Македонија“ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18, и 11/18), член 11 став 2 алинеа 7 од Статутот бр.01-001/2 од 11.06.2018 година на НУ„Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија“-Скопје, и член 13 од Правилникот за полагање на аудиција во НУ„Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија“-Скопје, а во врска со Предлогот на комисијата за спроведување на постапката за вработување и спроведување на постапка на аудиција по Јавен оглас бр. 1/2022 со арх.бр.0401-386/9 од 09.12.2022 година, директорот на Установата на ден 12.12.2022 година ја донесе следната:

# Одлука за избор

на кандидат по јавен оглас бр.1/2022

1. Директорот на НУ„Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија“-Скопје , по спроведената постапка по Јавниот оглас бр.01/2022 (со арх.бр.0401-386/1 од 18.11.2022 година) за прием на работници во работен однос на определено време на работно место : Друг уметник трета група – Играч ,шифра **КУЛ 03 04 А05 013, два (2) извршители,** изврши избор на следните кандидати:

   - **Ерољинд Руфати**
   - **Арта Ќаили**

2. До крајниот рок за пријавување во Архивата на НУ „Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија“ – Скопје, беа доставени вкупно 2 пријави за работните места **Друг уметник трета група – Играч, 2 (два) извршители**.

3. По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе Решение за вработување, а со избраните кандидати од точка 1 од оваа Одлука ќе се склучи договор за вработување.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на согласноста од **Министерството за финансии бр.18-7296/2 од 04.08.2022 година** за обезбедени финансиски средства за вработување на два извршители на определено време е донесена **Одлука за објавување на Јавен оглас бр. 0204-385/1 од 18.11.2022 година,** за прием на работници во работен однос на определено време согласно со актот за систематизација на работните места на установата.

Врз основа на одлуката е објавен Јавен оглас на ден **18.11.2022 година** со арх.бр. **0401-386/1 од 18.11.2022 година**,во дневните весници : Слободен печат, Коха и Нова Македонија и веб страната на НУ„Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија" – Скопје, за вработување на два (2) извршители на определено време.

За работното место Друг уметник трета група – Играч, 2 (два) извршители до крајниот рок за пријавување во Архивата на НУ „Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија" – Скопје беа доставена вкупно 2 пријава.

Комисијата за спроведување на постапката за вработување формирана со **Решение бр.0204-386/3 од 05.12.2022 година** изврши административна проверка на веродостојноста на доставените податоци и докази доставени на јавниот оглас, спроведе аудиција со кандидатите кои успешно ја поминале постапката за веродостојност на доказите и по завршуавњето на аудицијата до директорот на НУ„Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија"-Скопје достави предлог на кандидат за вработување за работното место Друг уметник трета група – Играч со бр. 0401-386/9 од 09.12.2022 година.

По извршената проверка е констатирана дека кандидатите Ерољинд Руфати и Арта Ќаили ги исполнува условите за работното место Друг уметник трета група – Играч.

Од страна на Комисијата е составен Записник, со конечна ранг-листа на селектраните кандидати.

Имајќи го во предвид горенаведениот, директорот на НУ„Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија“-Скопје одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука, незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ„Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија“- Скопје, во рок од 8 дена од денот на приемот на истата.

Доставено до:

- Архива
- Кандаидатот

Drejtor

Shkodran Tolaj